# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **27. 03 .2015 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 3 – 2015 год.**

МАРТ 2015

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) на по доставено барање од Општина Пласница бр.08-270/1 од 09.03.2015 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на административно деловен објект-Општина Пласница**

**Член 1**

Инвеститорот Општина Пласница за изградба и стопанисување со административно-деловен објект се ослободува од обврските за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на административно деловен објект во Општина Пласница во износ од 100.765,00 (сто илјади седумстотини шеесет и пет денари), надоместок што припаѓа на Општина Македонски Брод и тоа за делот како административно деловен простор.

**Член 2**

Инвеститорот од член 1 на оваа Одлука се обврзува изградбата на објектите од комуникациска инфраструктурна мрежа (сообраќајници,паркиралишта,јавно осветлување, водоводна мрежа, фекална канализациона мрежа, атмосферска канализациона мрежа, ниско-напонска електрична мрежа и друга останата инфраструктура) да ја изведе со сопствени средства и потоа да ја предаде на јавните претпријатија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 - 286 / 3**
**23.03.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на административно деловен објект-Општина Пласница**

Се прогласува Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на административно деловен објект-Општина Пласница, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.05/2002) и член 21 став 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 23.03.2015 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА**

**1**. Во програмата за локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2015 година донесена од страна на Советот на Општина Македонски Брод со број 07 - 889/16 од 27.11.2014г. , во точка 2, потпрограма Г1. Поддршка на локалниот економски развој, по реден број 12 се дополнува со активност бр.13 која гласи:

**- „Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини“**

**2**.Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18 – 286/4
Датум 23.03.2015г.
Македонски Брод

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ДАРКО ТРАЈКОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува измената и дополнувањето на Програмата за локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз  основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр5/02), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден  23.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за реализација на проектот „ Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини “ Општина Македонски Брод

Член 1

Со оваа одлука се потврдува дека проектот „ Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини” е приоритет за општина Македонски Брод и истиот е вклучен во стратешките документи на општината, односно во Програмата за локален економски развој на Општина Македонски Брод за 2015 година. За реализацијата на горенаведениот проектот се дава согласност општина Македонски Брод да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој руралните/урбаните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 260.000/120.000 евра.

Член 2

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 168 368 евра. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Македонски Брод во вредност од 168 368 евра додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од буџетот на општината за 2015 година од Програмата за локален економски развој за 2015година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави  во „Службен Гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 286/5
23.03.2015 год.

Претседател
на Советот на Општина Македонски Брод

Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за реализација на проектот „Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини“**
**Општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлука за реализација на проектот „ Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини “Општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр5/02), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за реализација на проектот „ Водоснабдување со питка вода на с.Латово, Општина Македонски Брод “

Член 1

Со оваа одлука се потврдува дека проектот „Водоснабдување со питка вода на с.Латово, Општина Македонски Брод” е приоритет за општина Македонски Брод и истиот е вклучен во стратешките документи на општината Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година. За реализацијата на горенаведениот проектот се дава согласност општина Македонски Брод да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој руралните/урбаните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 260.000/120.000 евра.

Член 2

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 45 471 евра. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Македонски Брод во вредност од 45 471 евра додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од буџетот на општината за 2015 година од Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 286/6<br>
23.03. 2015 год.

Претседател<br>
на Советот на Општина Македонски Брод

Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на О Д Л У К А за реализација на проектот**
**„ Водоснабдување со питка вода на с.Латово„**
**Општина Македонски Брод “**

Се прогласува ОДЛУКА за реализација на проектот,, Водоснабдување со питка вода на с.Латово,, Општина Македонски Брод , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 17/11 , 53/11, 25/13, 137/13 и 163/13), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003),Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2015 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

### 1.1.Општ дел

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 17/11 , 53/11, 25/13, 137/13 и 163/13), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија,општините,општините во градот Скопје и градот Скопје,домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето.Одлука за стекнување на сопственост на градежно земјиште за општините,општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено.Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Градежното земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежната парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**1.2. Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на општина Македонски Брод, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за календарската 2015 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на општина Македонски Брод.

Со оваа програма опфатени се следните населени места и локалитети:

1.Детален урбанистуички план (ДУП) за Македонски Брод-„Блок 2 и Блок 4“,

1.Детален урбанистички план за населба Близанско кој се применува како Урбанистички план вон населено место населба Близанско-викенд зона

2.Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр1 со капацитет до 1 МВ на КП бр.161 и дел КП бр.162 за КО Инче општина Македонски Брод.

3. Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр.2 со капацитет до 1 МВ на дел од КП бр.162 за КО Инче општина Македонски Брод.

4. Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр3 со капацитет до 1 МВ на дел од КП бр. 162 за КО Инче општина Македонски Брод.

## 1.3. Основи за изработка на Програмата

### Законски основ

Законски основ на програмата за управување со градежното замјиште се Зконот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 17/11 , 53/11, 25/13, 137/13 и 163/13) и член 15 и 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.03/2003).

### Основни плански документи

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки,развојни и плански документи донесени на локално ниво:

-Стратегија за локален економски развој на општина Македонски Брод за период од 2009 до 2013 година;

-Генерален урбанистички план за Македонски Брод

1.Детален урбанистуички план (ДУП) за Македонски Брод-„Блок 2 и Блок 4“,

1.Детален урбанистички план за населба Близанско кој се применува како Урбанистички план вон населено место населба Близанско-викенд зона

2.Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр1 со капацитет до 1 МВ на КП бр.161 и дел КП бр.162 за КО Инче општина Македонски Брод.

3. Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр.2 со капацитет до 1 МВ на дел од КП бр.162 за КО Инче општина Македонски Брод.

4. Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр3 со капацитет до 1 МВ на дел од КП бр. 162 за КО Инче општина Македонски Брод.

### 1.4. Лица вклучени во изработка на Програмата

Во изработката на програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Македонски Брод за 2015 година влучени се следните лица:

Зоран Новески,дип.град. инж., раководител на секторот за комунални дејности,ЛЕР, урбанизам и заштита на жив. ср.

Југослав Волчески,дип.правник,раководител на одделението за правни,општи работи и јавни дејности.

Славе Ѓурчиноски, градежен техничар, самостоен референт за следење на проекти во одделението за урбанизам.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### 2.1. Општи цели на Програмата

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

### 2.2. Конкретни цели на програмата по населени места,урбани блокови и локалитети

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба,а со тоа да придонесат за развој на населеното место, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

## 3. ОБЕМ И ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

### 3.1. Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање.

### 3.2. Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)

### 3.2.1.Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање.

Табела со следните информации:

| Број на градежна парцела | Вкупна површина на ГП | Намена на земј.основна | Намена на земј. опис | Бр.на К.П.во состав на ГП | Површина за градба | Бруто разв.површина | Процент на изграденост | Коефициент на искорист. | Максимална дозволена висина | катност | Почетна утврдена цена по м/2 | Вкупна почетна утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18.1 | 952 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 201 | 302 | 21.17 | 0.32 | 7 | / | 61 | 58072 |
| 18.2 | 616 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 252 | 378 | 40.91 | 0.61 | 7 | / | 61 | 37576 |
| 18.3 | 558 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 252 | 378 | 45.17 | 0.68 | 7 | / | 61 | 34038 |
| 18.4 | 470 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 214 | 322 | 45.59 | 0.68 | 7 | / | 61 | 28670 |
| 18.5 | 417 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 177 | 266 | 42.49 | 0.64 | 7 | / | 61 | 25437 |
| 18.6 | 364 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 140 | 210 | 38.48 | 0.58 | 7 | / | 61 | 22204 |
| 18.7 | 653 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 315 | 472 | 48.20 | 0.72 | 7 | / | 61 | 39833 |
| 18.8 | 940 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 328 | 492 | 34.78 | 0.52 | 7 | / | 61 | 57340 |
| 18.9 | 395 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 164 | 246 | 41.57 | 0.62 | 7 | / | 61 | 24095 |
| 18.10 | 448 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 202 | 303 | 45.04 | 0.68 | 7 | / | 61 | 27328 |
| 18.11 | 501 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 239 | 358 | 47.59 | 0.71 | 7 | / | 61 | 30561 |
| 18.12 | 536 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 263 | 359 | 49.10 | 0.74 | 7 | / | 61 | 32696 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18.13 | 589 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 300 | 450 | 50.98 | 0.76 | 7 | / | 61 | 35929 |
| 18.14 | 602 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 224 | 336 | 37.22 | 0.56 | 7 | / | 61 | 36722 |
| 18.15 | 659 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 224 | 336 | 33.98 | 0.51 | 7 | / | 61 | 40199 |
| 19.1 | 538 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 177 | 266 | 32.91 | 0.49 | 7 | / | 61 | 32818 |
| 19.2 | 483 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 226 | 339 | 46.79 | 0.70 | 7 | / | 61 | 29463 |
| 19.3 | 517 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 250 | 375 | 48.34 | 0.73 | 7 | / | 61 | 31537 |
| 19.4 | 517 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 250 | 375 | 46.34 | 0.73 | 7 | / | 61 | 31537 |
| 19.5 | 494 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 234 | 350 | 47.32 | 0.71 | 7 | / | 61 | 30134 |
| 19.7 | 443 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 198 | 296 | 44.61 | 0.67 | 7 | / | 61 | 27023 |
| 19.8 | 730 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 361 | 542 | 49.50 | 0.74 | 7 | / | 61 | 44530 |
| 19.9 | 626 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 222 | 332 | 35.42 | 0.53 | 7 | / | 61 | 38186 |
| 19.10 | 449 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 198 | 297 | 44.05 | 0.66 | 7 | / | 61 | 27389 |
| 19.11 | 497 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 233 | 350 | 46.99 | 0.70 | 7 | / | 61 | 30317 |
| 19.12 | 515 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 250 | 375 | 48.5 | 0.73 | 7 | / | 61 | 31415 |
| 19.13 | 517 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 250 | 375 | 48.34 | 0.73 | 7 | / | 61 | 31537 |
| 19.14 | 493 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 224 | 336 | 45.46 | 0.68 | 7 | / | 61 | 30073 |
| 19.15 | 545 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 176 | 264 | 32.28 | 0.48 | 7 | / | 61 | 33245 |
| 20.1 | 430 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 187 | 281 | 43.48 | 0.65 | 7 | / | 61 | 26230 |
| 20.2 | 517 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 249 | 374 | 48.28 | 0.72 | 7 | / | 61 | 31537 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20.3 | 541 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 266 | 399 | 49.19 | 0.74 | 7 | / | 61 | 33001 |
| 20.4 | 676 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 321 | 482 | 47.56 | 0.71 | 7 | / | 61 | 41236 |
| 20.5 | 679 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 324 | 486 | 47.69 | 0.72 | 7 | / | 61 | 41419 |
| 20.6 | 667 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 324 | 485 | 48.5 | 0.73 | 7 | / | 61 | 40687 |
| 20.7 | 818 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 431 | 647 | 52.70 | 0.79 | 7 | / | 61 | 49898 |
| 20.8 | 733 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 357 | 536 | 48.77 | 0.73 | 7 | / | 61 | 44713 |
| 20.9 | 1341 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 325 | 488 | 24.26 | 0.36 | 7 | / | 61 | 81801 |
| 20.10 | 794 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 374 | 561 | 47.06 | 0.71 | 7 | / | 61 | 48434 |
| 20.11 | 1224 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 418 | 627 | 34.15 | 0.51 | 7 | / | 61 | 74664 |
| 20.12 | 704 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 282 | 423 | 40.05 | 0.60 | 7 | / | 61 | 42944 |
| 20.13 | 678 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 308 | 461 | 45.39 | 0.68 | 7 | / | 61 | 41358 |
| 20.14 | 708 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 329 | 494 | 46.53 | 0.70 | 7 | / | 61 | 43188 |
| 20.15 | 538 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 267 | 400 | 49.54 | 0.74 | 7 | / | 61 | 32818 |
| 20.16 | 507 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 244 | 366 | 48.11 | 0.72 | 7 | / | 61 | 30927 |
| 20.17 | 421 | Викенд куќа | А4 | 22/1 | 171 | 257 | 40.68 | 0.61 | 7 | / | 61 | 25681 |

**2.1.ЛУПД за с.Инче**

Табела со следните информации:

| Број на градежна парцела | Вкупна површина на ГП м² | Намена на земјиштето | Бр.на К.П.во состав на ГП | Површина за градба | Бруто разв.површина м² | Процент на изграденост | Коефициент на искорист. | Максимална дозволена висина | катност | Почетна утврдена цена по м² | Вкупна почетна утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | 20.933 | Е2-Фотоволтаична централа | 161 и 162/1 | 16.424 | 16.424 | / | / | 7,00 | П | 150,00 | 3.139.950,00 |
| 1.2 | 20.298 | Е2-Фотоволтаична централа | 162/2 | 16.509 | 16.509 | / | / | 7,00 | П | 150,00 | 3.044.700,00 |
| 1.3 | 17.912 | Е2-Фотоволтаична централа | 162/3 и 162/5 | 12.503 | 12.503 | / | / | 7,00 | П | 150,00 | 2.686.800,00 |

## 2.2.ДУП Блок 2 за Македонски Брод

Табела со следните информации:

| Број на градежна парцела .. | Вкупна површина на ГП м² | Намена на земјиштето | Бр.на К.П.во состав на ГП | Површина за градба | Бруто разв.површина м² | Процент на изграденост | Коефициент на искорист. | Максимална дозволена висина | катност | Почетна утврдена цена по м² | Вкупна почетна утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.28 | 422 | А1 | 3939 | 240 | | 53 | 1,59 | 9 | / | 61 | 25742 |
| 8.29 | 457 | А1 | 3940 | 240 | | 53 | 1,59 | 9 | / | 61 | 27877 |
| 8.30 | 454 | А1 | 3941 | 240 | | 53 | 1,59 | 9 | / | 61 | 27694 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10.38 | 540 | А1 | 3935 и 3936 | 150 | | 34 | 1,02 | 9 | / | 61 | 32940 |

**2.3.ДУП Блок 4 за Македонски Брод**

Табела со следните информации:

| Број на градежна парцела .. | Вкупна површина на ГП $м^2$ | Намена на земјиштето | Бр.на К.П.во состав на ГП | Површина за градба | Бруто разв.површина $м^2$ | Процент на изграденост | Коефициент на искорист. | Максимална дозволена висина | катност | Почетна утврдена цена по $м/^2$ | Вкупна почетна утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.12 | 405 | А1-Инд.становање | 2270 | 118 | 354 | 29 | 0,89 | 9,5 | П+2 | 61 | 24.705 |
| 1.86 | 67 | Б1-Ком.деловен | 2318 | 23 | 23 | 28 | 0,28 | 3,4 | П | 1.100 | 73.700 |

## 4. МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ОВАА ПРОГРАМА

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање-претпоставување на заинтересираните страни за купување,изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи-изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори,односно претставуваат целна група од активностите од маркетинг стратегијата.

## 5. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување,односно давање под закуп на градежно земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежни парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени места,урбани блокови или локалитети.

Со објавата ќе се пропишуваат-определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество,определувањето на интернет страницата на која се врши надавањето,одредување на условите за учество,пропишување на други обврски и други останати релевантни информации во врска со надавањето.

Лица надлежни за реализација на програмата:

Зоре Трпески, дип.правник

Зоран Новески, дип.град. инж.

Југослав Волчески, дип.правник

## 6. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПРИЛИВИ ПО ОСНОВ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Според проценката на финансиските приходи за секое населено место пооделно и според просечната пазарна вредност за метар квадратен градежно земјиште по основ на реализација на оваа програма се очекува финансиски прилив од продажбата на градежно земјиште од 9.800.000,00 денари.

## 7. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценети финансиски средства потребни за реализација на следните активности:

-трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежно земјиште од 60.000,00 денари.

-трошоци за промовирање односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување односно давање под закуп на градежното земјиште од 100.000,00 денари

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 286/7** од 23.03. 2015 год.

Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод

Претседател,

Дарко Трајкоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# **З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програмата за работа во областа на располагање со градежено земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2015 година**

Се прогласува Програмата за работа во областа на располагање со градежено земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр./2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23 март 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За измена и дополна на одлуката за висина на надоместокот на услуги во градски гробишта –Македонски Брод, бр.07-984/8 од 19.12.2014 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за висина на надоместокот на услуги во градски гробишта –Македонски Брод бр.02-155/3 од 26.02.2015 година, со тоа што во чл.1 наместо зборовите ,,и 50% од погребалните услуги,, се заменуваат со зборовите ,,и еден еднократен паричен надоместок во висина од 5500 денари,,

**Член 2**

Се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод да ја применува одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за висина на надоместокот на услуги во градски гробишта – Македонски Брод бр.02-155/3 од 26.02.2015 година со измената во чл.1 од оваа одлука .

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 286 /8**
**23.03.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за измена и дополна на одлуката за висината на надоместокот на услуги во градски гробишта –Македонски Брод, бр.07-984/8 од 19.12.2014 година**

Се прогласува Одлуката за измена и дополна на одлуката за висината на надоместокот на услуги во градски гробишта - Македонски Брод, бр.07-984/8 од 19.12.2014 година, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година по доставено барање од страна на ООУ ,,Св.Климент Охридски,, -Македонски Брод бр.18- 264/1 од 06.03.2015 год го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ,,Св.Климент Охридски,,**

**Македонски Брод**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.05.2014 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2014/15 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.19-2250/1 од 05.03.2013година донесен од страна на Министерството за образование и наука на РМ а врз основа на чл.34.ст.4.од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13 I 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за Програма за слободни активности за учениците од VI I IX одделение планирана од страна на училиштето.

**Бр.18-286/9-1** **Совет на општина Македонски Брод**

**23.03.2015 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година по доставено барање од страна на ООУ ,,Св.Климент Охридски,, -Македонски Брод бр.18- 264/1 од 06.03.2015 г го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ,,Св.Климент Охридски,,**

**Македонски Брод**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2014/15 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.19-2250/1 од 05.03.2013година донесен од страна на Министерството за образование и наука на РМ а врз основа на чл.34.ст.4.од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13 и 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на еднодневна екскурзија на учениците од III одделение планирано од страна на училиштето.

**Бр.18-286/9** **Совет на општина Македонски Брод**

**23.03.2014 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година по доставено барање од страна на ООУ ,,Св.Климент Охридски,, -Македонски Брод бр.18- 264/1 од 06.03.2015 год го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ ,,Св.Климент Охридски,,**

**Македонски Брод**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.05.2014 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2014/15 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.19-2250/1 од 05.03.2013година донесен од страна на Министерството за образование и наука на РМ а врз основа на чл.34.ст.4.од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13 I 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на дводневна екскурзија на учениците од VI одделение планирано од страна на училиштето.

**Бр.18-286/9-3** **Совет на општина Македонски Брод**

**23.03.2015 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година по доставено барање од страна на ООУ ,,Св.Климент Охридски,, -Македонски Брод бр.18- 264/1 од 06.03.2015 год го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ,,Св.Климент Охридски,,**

**Македонски Брод**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.05.2014 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2014/15 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.19-2250/1 од 05.03.2013година донесен од страна на Министерството за образование и наука на РМ а врз основа на чл.34.ст.4.од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,156/10,18/11,51/11,6/12,100/12,24/13 и 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на тродневна наставно-научна екскурзија со учениците од IX одделение планирано од страна на училиштето.

**Бр.18-286/9-4** **Совет на општина Македонски Брод**

**23.03.2015 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр5/02), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за реализација на проектот „Локален пат Слатина – Горно Крушје делница 1 и 2 "

Член 1

Со оваа одлука се потврдува дека проектот „ Локален пат Слатина – Горно Крушје делница 1 и 2" е приоритет за Општина Македонски Брод и истиот е вклучен во стратешките документи на општината Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2015 година. За реализацијата на горенаведениот проектот се дава согласност општина Македонски Брод да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој руралните/урбаните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 260.000/120.000 евра.

Член 2

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 88 958 евра. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Македонски Брод во вредност од 88 958 евра додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од буџетот на општината за 2015 година од Програмата за изградба, реконструкција и заштита и одржување на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2015 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Македонски Брод".

Бр. 18 – 286/10
23.03. 2015 год.

Претседател
на Советот на Општина Македонски Брод

Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на О Д Л У К А за реализација на проектот**
**„ Локален пат Слатина-Горно Крушје делница 1 и 2„**

Се прогласува ОДЛУКА за реализација на проектот „Локален пат Слатина-Горно Крушје делница 1 и 2„ , што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р**

Врз основа на чл.23 ст.1 т.3 и 4 и став 3 од Законот за угостителски дејности (Сл.Весник на РМ 62/04 ,89/08 , 115/10 и 53/11) и врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр. 2/2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23 март 2015 година

# О Д Л У К А

**За продолжување на работното време на угостителските објекти за време на велигденските празници**

**Член 1**

Со продолжува работното време на угостителските објекти без оглед на видот на угостителската услуга за 1 (еден) час за велигденските празници за деновите 10,11,12 и 13 април 2015година.

**Член 2**

Се задолжуваат угостителските објекти во текот на продолженото работно време да се придржуваат на Законот за заштита од бучава во спротивно следуваат согласно Законот прекршочни санкции.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Број 18- 286 /11**
**23.03.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од  Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на велигденските празници**

Се прогласува Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на велигденските празници, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 и член 9 и 10 од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14 и 138/14), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**За основање на Јавно комунално претпријатие ”Комунална хигиена”-Македонски Брод**

Член 1

Советот на општина Македонски Брод со овој акт врши основање на Јавно комунално претпријатие ”Комунална хигиена”-Македонски Брод заради вршење на дејности од јавен интерес за потребите на граѓаните а општина Македонски Борд.

Член 2

Називот на јавното претпријатие гласи: Јавно комунално претпријатие ”Комунална хигиена”-Македонски Брод (во натамошниот текст:Претпријатие).

Скратениот назив на Претпријатието гласи ЈКП ”Комунална хигиена”-Македонски Брод.

Член 3

Седиштето на претпријатието е во Македонски Брод на улица ”Партизанска” бр.10.

Член 4

Претпријатието има својство на правно лице.

Својство на правно лице Претпријатието ќе стекне од моментот на упис во трговскиот регистар.

Член 5

Претпријатието за преземените обврски во правниот промет спрема трети лица одговара со целиот имот.

Член 6

Дејноста на претпријатието ке биде:

38.1 – Собирање на отпад

38.11-Собирање на безопасен отпад

38.2 –Обработка и отстранување на отпад

38.21- Обработка и отстранување на безопасен отпад

81- Услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување и одржување на животната средина и природата

81.2- Дејности на чистење

81.22- Останати дејности на чистење на згради и објекти

81.29- Останати услуги на чистење, неспомнати надруго место

81.30- Услужни дејности на уредување и одржување на животната средина и природата под што се подразбира уредување и одржување на паркови и зеленило во општина Македонски Брод.

96.0- Други лични услужни дејности

Приоритетна дејност е 38.11- Собирање на безопасен отпад.

Член 7

Претпријатието не може да врши промена на името, седиштето и дејноста без согласност на Основачот.

Член 8

Износот на средства за основањето на Претпријатието ги обезбедува општина Македоснки Брод како основачки влог.

Износот на основачкиот влог се состои во материјалнни средства во сопственост на општина Македонски Брод чија вредност е утврдена по проценка од овластен проценител која е составен дел на оваа одлука.

Основачкиот влог Основачот- Советот на општина Македонски Брод го пренесува на ЈП ”Комунална хигиена”.

Член 9

Претпријатието е во сопственост на Општина Македонски Брод

Член 10

Вршењето на дејноста од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од средствата што ќе се остварат преку цената на услугата, од средтвата на буџетот на основачот како и од други средства согласно закон.

Член 11

Органи на Претпријатието се Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјачно-финансиското работење(во натамошниот текст:надзорен одбор) и директор.

Член 12

Управниот одбор на Претпријатието се состои од 5(пет)члена, кои ги именува и разрешува Советот на општина Македонски Борд со мандат од 4 години.

Член 13

Надзорниот одбор на претпријатието се состои од 5(пет) члена кои ги именува и разрешува Советот на општина Македонски Брод со мандат од 4 години.

Член 14

Со работата на Претпријатието раководи директор што го избира и разрешува Градоначалникот на општина Македонски Брод, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го застапува и претставува Претпријатието.

Член 15

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на Претпријатието се утврдени со Статут, во согласност со закон.

Член 16

Лицето дипл.правник Зоре Трпески се именува да ги врши работите на Претпријатието до неговото конституирање.

Член 17

Рокот за донесување на статутот и именувањето на органите на управување на Претпријатието изнесува 60 дена од влегувањето во сила на овој акт.

Член 18

ЈКП ”Комунална хигиена” – Македонски Брод е должно на регистарскиот суд да му ги достави статутот , актот за именување на членови на управниот и надзорниот одбор, како и доказ за именување на директор на Претпријатието, во рок од 30 дена од истекот на рокот предвиден во член 17, за донесување на статутот именувањето на органите на Претпријатието, со пријава за упис на новите факти и промени на лицето овластено за застапување на Претпријатието.

Член 19

Со оваа одлука престанува да важи одлуката за ”Основање на Јавно претпријатие заради вршење дејност од јавен карактер во општина Македонски Брод”бр.07-889/3 од 27.11.2014 година.

Член 20

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18-286/12
23.03.2015 година

Совет на општина Македонски Брод
Претседател
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за основање на Јавно комунално претпријатие ”Комунална хигиена”- Македонски Брод**

Се прогласува Одлука за основање на Јавно комунално претпријатие ”Комунална хигиена” - Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање бр.18- 237 од 26.02.2015 год.од Гордана Ставреска од Македонски Брод сопственик на игротека Џив-Џив, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК за давање на согласност по однос на барањето за отстапување на играчки од Игротека Џив-Џив од Македонски Брод во замена со 16 месечни надокнади во ОЈУДГ 7-ми Септември како услуги кои ги користи за своето дете во градинката. Составен дел како прилог на заклучокот е барањето доставено од страна на горенаведената игротека.Заклучокот со барањето да се достави до Детската Градинка 7-ми Септември-Македонски Брод заради попнатамошно постапување.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 286 / 13**
**23.03.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр. 2/2003), по поднесеното барање од Илијоски Бране бр.18- 230 од Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23 март 2015 година

# О Д Л У К А

**За исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид**

**на ул.Браќа Миладиновци бр.21- Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства за 15 вреќи цемент по 360 денари за изградба на потпорен ѕид на ул..Браќа Миладиновци бр.21 во Македонски Брод по предходно изработена предмер пресметка од страна на одделението за урбанизам .

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да обезбеди финансиски средства за 15 вреќи цемент по 360 денари за да се исплатат на барателот за изградба на потпорен ѕид на ул,Браќа Миладиновци бр.21 од Македонски Брод..

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18- 286 /14**
**23.03.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на одлука за исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид на ул.Браќа Миладиновци бр.21- Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид на ул.Браќа Миладиновци бр.21 Македонски Брод,, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот  за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање бр.18- 247  од 03.03.2015год од СОУ „Св.Наум Охридски„ од Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК за давање на согласност на Одлуката со број 02-101/1 од 26.02.2015 година на Училишниот одбор на СОУ„Наум Охридски „-Македонски Брод  и попнатамошно постапување по однос на одлуката за отпис на предмети кои се надвор од употреба.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 286 / 15**
**23.03.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски  с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод по опширна дискусија донесе ЗАКЛУЧОК како интервенција до ЈЗУ,,Здравствениот дом,, во Македонски Брод да ја забрза постапката за прием на лице на работно место ренген техничар заради непречено работење и давање услуги на граѓаните .Со заклучокот да се запознае и ЈЗУ бидејќи надлежно за постапување е Министерството за здравство на РМ.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 286 / 16**
**23.03.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), по поднесено барање од м.з Ижиште 18-227.1 од 23.02.2015 Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година донесе

# О Д Л У К А

**За набавка на јарбол за поставување на знаме на РМ во село Ижиште**

**Член 1**

Согласно оваа одлука за потребите на општина Македонски Брод да се набави јарбол за поставување на знаме на Република Македонија во центарот на село Ижиште .

**Член 2**

За набавка на јарболот се овластува градоначалникот на Општина Македонски Брод да се спроведе набавка согласно Законот за јавна набавка и Законот за користење и располагање со движни ствари во сопственост на органите на државната управа.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18- 286/17**
**23.03.2015 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за набавка на јарбол за поставување на знаме на РМ во село Ижиште**

Се прогласува Одлука за набавка на јарбол за поставување на знаме на РМ во село Ижиште, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 23.03.2015 година.

**Бр.08- 286 /18**
**27.03.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 3 од 27.03.2015 година Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на административно деловен објект - Општина Македонски Брод.......................................................................................................................стр.2

Заклучок за прогласување на Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на административно деловен објект - Општина Македонски Брод...................................................................................................стр.3

Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Македонски Брод за 2015 година.......................................................................стр.4

Заклучок за прогласување на Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Македонски Брод за 2015 година ......................стр.5

Одлука за реализација на проектот„Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини„ Општина Македонски Брод...................................................................................................стр.6

Заклучок за прогласување на Одлука за реализација на проектот„Проект за партерно уредување на КП3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини „-Општина Македонски Брод .............................стр.7

Одлука за реализација на проектот „Водоснабдување со питка вода на с.Латово , Општина Македонски Брод...................................................................................................стр.8

Заклучок за прогласување на Одлуката за реализација на проектот „Водоснабдување со питка вода на с.Латово, Општина Македонски Брод......................стр.9

Програма за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2015 година.........................................................................................................................стр.10

Заклучок за прогласување на Програма за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2015година..........................................................................стр. 21

Одлука за измена и дополна на одлуката за висината на надоместокот на услуги во градски гробишта –Македонски Брод , бр.07-984/8 од 19.12.2014 година......................стр.22

Заклучок за прогласување на Одлука за измена и дополна на одлуката за висината на надоместокот на услуги во градски гробишта – Македонски Брод, бр.07-984/8 од 19.12.2014 година........................................................................................................стр.23

Заклучок за изведување на ученички екскурзии во ООУ„Климент Охридски „Македонски Брод за VI и IX одделение.......................................................................стр.24

Заклучок за изведување на ученички екскурзии во ООУ„Климент Охридски „Македонски Брод за III одделение...........................................................................стр.25

Заклучок за изведување на ученички екскурзии во ООУ„Климент Охридски „Македонски Брод за VI одделение...........................................................................стр.26

Заклучок за изведување на ученички екскурзии во ООУ„Климент Охридски „Македонски Брод за IX одделение...........................................................................стр.27

Одлука за реализација на проектот „Локален пат Слатина – Горно Крушје делница 1и 2„................................................................................................................стр.28

Заклучок за прогласување на Одлука за реализација на проектот „Локален пат Слатина –Горно Крушје делница 1и 2„...........................................................................стр.29

Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на велигденските празници.............................................................................................стр.30

Заклучок за прогласување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на велигденските празници.......................................стр.31

Одлука за основање на Јавно комунално претпријатие „Комунална хигиена„-Македонски Брод ...............................................................................................стр.32

Заклучок за прогласување на Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие „Комунална хигиена „-Македонски Брод ...............................................стр.35

Заклучок по барање од Џив – Џив игротека.....................................................стр.36

Одлука за исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид на ул.Браќа Миладиновци бр.21 – Македонски Брод ..........................................................стр.37

Заклучок за прогласување на Одлуката за исплата на финансиски средства за изградба на потпорен ѕид на ул.Браќа Миладиновци бр.21 – Македонски Брод..........стр.38

Заклучок по Олдука од УО од СОУ „Наум Охридски“......................................стр.39

Заклучок ..................................................................................................стр.40

Одлука за набавка на јарбол за поставување на знаме на РМ во село Ижишта..стр.41

Заклучок за прогласување на Одлуката за набавка на јарбол за поставување на знаме на РМ во село Ижишта.................................................................................................стр.42